Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и осматаседница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 15 август 2023 година**

**Скопје, август 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 август 2023 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата,д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана,Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваа и м-р Ирена Јованова Поповска и Снежана Наџаковска, државни советнициво Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа иВикторија Аврамовска – Мадиќ, заменик на министерот за правда, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура,Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваам-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, како и членовите на Владатам-р Кренар Лога, министер за правда,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 172-та седница на Владата, одржана на 18 јули 2023 година

- Усвојување на Записникот од 173-та седница на Владата, одржана на 16 јули 2023 година

- Усвојување на Записникот од 175-та седница на Владата, одржана на 25 јули 2023 година

- Усвојување на Записникот од 176-та седница на Владата, одржана на 1 август 2023 година

- Усвојување на Записникот од 177-та седница на Владата, одржана на 8 август 2023 година

## Пред преминување на Дневен ред

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година – 31 декември 2023 година

1. Барање на Друштвото за производство и промет на стоки и услуги „ДИЈАГ“ ДОО Скопје за изменување и дополнување на Одлуката за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Македонија, со Предлог - одлука за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Северна Македонија

2. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари (таблети)

3. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети(вкупно 37 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност(вкупно 3 моторни возила)

4. Предлог -одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Националната установа Центар за култура Ињо Антески –Смок, Тетово и Предлог- одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Делегацијата на Европска Унија во Република Северна Македонија

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија, за учество во Командата на Бригадата на ЈугоисточнаЕвропа – СЕЕБРИГ (SOUTH EAST EUROPE BRIGADE – SEEBRIG)

8. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на заедничка обука и вежба „Joint Combined Exercise Training - 23“, со Предлог – одлука

9. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради

висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 27 јули 2023 година до 2 август 2023 година

10. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 21.7.2023 година до 27.7.2023 година

11. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 28.7.2023 година до 3.8.2023 година

12. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево, Крива Паланка и дел од Општина Ранковце,с. Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 1.8.2023 година до 7.8.2023 година

13. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево, Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с. Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 25.7.2023 година до 31.7.2023 година

14. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 3 август 2023 година до 9 август 2023 година

15. Извештај за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 6.6.2023 година до 6.7.2023 година

16. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 172-та, 173-та, 175-та, 176-таи 177-та седница на Владата, одржани на 18 јули, 16 јули, 25 јули, 1 август и 8 август2023 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година – 31 декември 2023 година

Владата го разгледа Барањето од Министерството за локална самоуправа за дополнување на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година – 31.12.2023 година, го прифати и заклучи:

1. Да се дополни Законодавната агенда со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој со рок за доставување декември 2023 година.

Согласно ова, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Дополнетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година – 31.12.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот1.7.2023 година – 31.12.2023 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Барањето на Друштвото за производство и промет на стоки и услуги „ДИЈАГ“ ДОО Скопје за изменување и дополнување на Одлуката за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Македонија, со Предлог - одлука за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Северна Македонија, го усвои Барањето и ја донесе Одлуката за овластување на организација за изработка на одликувања на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил“ с. Визбегово - Скопје.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – Порака, Скопје.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центар за помош на лица со ментален хендикеп „Порака Неготино“, Неготино.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Специјален завод, Демир Капија.

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца, Битола.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари наЈавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Кавадарци.

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово.

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение, Скопје.

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Младинско здружение на глуви и наглуви Млад знак, Скопје.

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Радовиш.

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Центар за социјална работа – Валандово.

14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струмица.

15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

16. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Куманово.

17. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Делчево.

18. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Гевгелија.

19. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово.

20. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна установа Завод за рехабилитација за деца и младинци – Скопје.

21. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение на граѓани Заштита на правата на детето, Скопје.

**Точка 3**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми ПО- Скопје (бр.09-2107/2, од 22 мај 2023 година).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (бр.09-805/6, од 22 мај 2023 година).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет во управна постапка на Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, заводот и ургентен центар, Скопје.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми ПО- Скопје (бр.09-469/3, од 22 мај 2023 година).

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Психијатриска болница Скопје – Скопје.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Општина Арачиново.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (бр.09-1483/3, од 22 мај 2023 година).

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено-поправна установа Казнено-поправен дом Идризово.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крушево.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (бр.09-2109/3, од22 мај 2023 година).

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“, во државна сопственост Скопје.

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за управување со одземен имот.

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Берово.

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државно правобранителство на Република Северна Македонија.

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крива Паланка.

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда.

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми ПО-Скопје (бр.09-1204/3, од 22 мај 2023 година).

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за здравство (бр.09-1357/3, од 22 мај 2023 година).

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за здравство (бр.09-1466/3, од 22 мај 2023 година).

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Врапчиште.

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми ПО- Скопје (бр.09-2103/2, од 22 мај 2023 година).

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за здравство (бр.09-1931/3, од 22 мај 2023 година).

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана (бр.09-1933/3, од 22 мај 2023 година).

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за одбрана (бр.09-1610/3, од 22 мај 2023 година).

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Универзитет Св. „Кирил и Методиј“-Скопје.

28. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за информатичко општество и администрација.

29. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

30. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција (бр.09-1486/3, од 22 мај 2023 година).

31. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција (бр.09-2106/2, од 22 мај 2023 година).

32. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција (бр.09-1765/3, од 22 мај 2023 година).

33. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за национална безбедност на Република Северна Македонија.

34. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност.

35. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Гостивар.

36. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено-поправна установа Затвор Скопје – Скопје.

37. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавна научна установа Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје.

38. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи.

39. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основно јавно обвинителство – Скопје.

40. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Универзитет Св. „Кирил и Методиј," Градежен факултет-Скопје.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Делегацијата на Европска Унија-Скопје.

**Точка 5**

1. Владата го одложи од разгледување предлогот под реден бр. 1 кој гласи: „Се препорачува на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје, да го отповика од должноста член на Одборот на директори и воедно директор за економски и финансиски работи, Шенур Османи, а на негово место да го именува Бујамин Емини.".

2 .Владата ја разгледа и ја констатираше оставката на Фатон Ахмети директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, односно, го разреши Фатон Амети, директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на негово барање.

3. Владата го именува Асаф Абдурамани за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

**Точка 6**

1. Владата по повод барањата на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија бр.03-951/1 од 10.8.2023 година и 03-951/2 од 10.8.2023 година, а во врска со организацијата и одржувањето на Самитот на лидери од Процесот Брдо-Бриони, што ќе се одржи на 10 и 11 септември 2023 година, во Скопје заклучи:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за закуп на ВИП салон на Меѓународниот Аеродром - Скопје за пристигнување и заминување на претседателските делегации на 10.9.2023 и 11.9.2023 година.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди и да ги покрие трошоците за осум кабини за превод и соодветна техничка опрема за озвучување, за работниот состанок и четири кабини за превод и соодветна техничка опрема за озвучување, за прес - конференцијата на Самитот и прес - центарот.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за прес - конференцијата на Самитот, да ги покрие трошоците за:

-преведувач за симултан превод македонски-англиски и обратно,
-преведувач за симултан превод македонски-албански и обратно,
-преведувач за симултан превод македонски-словенечки и обратно,
-преведувач за симултан превод македонски-хрватски и обратно и
-толкувач на знаковен јазик.

4) Формираше работна група со претставници од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија која ќе ги утврди дополнителните трошоци кои ќе произлезат од Самитот и која институција ќе ги покрие истите.

2. Владата го разгледа Барањето за интервенција во дотур на вода од Хидросистемот Дојранско Езеро во Хидросистемот Паљурци и по истото заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, АД Водостопанство на Република Северна Македонија – Скопје, а се препорачува на Општина Богданци да одржат состанок со цел да изнајдат начин за системско решение на овој повеќегодишен проблем и соодветното предлог – решение за надминување на истиот во рок од два дена да го достават до Владата.

3. Владата на предлог на д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, а во однос на Барањето за одржување на обука за едукација на членовите на Владата во насока на подигнување на свеста кон лицата со попреченост, односно инклузивност на лицата со попреченост од аспект на комуникацијата, заклучи Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да утврдат термин за спроведување на обуката во новата сала за седници на Влада.

4. Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, ги информираше членовите на Владата за преземените активности на Министерството за внатрешни работи во врска со случајот со неодамнешната сообраќајна несреќа каде животот го изгуби пензионер од Неготино за време на неговото патување на протестот на пензионерите во главниот град, како

и за случајот со истакнувањето на симболот на т.н. „Голема Албанија“ за време на посетата на косовскиот премиер Албин Курти и неговото обраќање во Тетово.

5. Владата заклучи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија до Министерството за труд и социјална политика да доставaт номинации за членови во работна група, а Министерството за труд и социјална политика на наредната седница до Владата да достави информација со соодветен предлог за формирање на истата, којашто ќе има за цел разгледување на предлози за прашањето за најниската пензија во Република Северна Македонија, како и пакет мерки за помош и поддршка на пензионерите, со посебен акцент на оние со ниски пензии.

6. По повод укажувањето на м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, а во врска со поставените прашања од страна на медиумите, во однос на постапките за избор, именување, разрешување на членови во управниот одбор, исплата на отпремнина и повторно вработување во Друштвото, Владата заклучи Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, да подготви и преку Министерството за транспорт и врски за наредната седница до Владата да достави информација за постапувањата во врска со овие прашања.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија, за учество во Командата на Бригадата на Југоисточна Европа – СЕЕБРИГ (SOUTH EAST EUROPE BRIGADE – SEEBRIG).

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на заедничка обука и вежба „Joint Combined Exercise Training - 23“, со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука и вежба „Joint Combined Exercise Training - 23“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално - технички средства на странските вооружени сили на Република Албанија на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице, за координација со Министерството за одбрана, во врска со активностите за подготовките за изведување на обуката и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

**Точка 9**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 27 јули 2023 година до 2 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 21.7.2023 година до 27.7.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 28.7.2023 година до 3.8.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево, Крива Паланка и дел од Општина Ранковце, с. Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 1.8.2023 година до 7.8.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на општините Делчево, Крива Паланка и дел од Општина Ранковце,с. Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, за период од 25.7.2023 година до 31.7.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 3 август 2023 година до 9 август 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено – поправната установа Казнено – поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 6.6.2023 година до 6.7.2023 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:55 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |